**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 16.05.2019 | | | |
| 03 | 2774 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден

2. **Субјект на надзорот:** Радиодифузно трговско друштво РАДИО РОСА – АБ ДООЕЛ Скопје

3. **Датум на извршување на надзорот:** 16 мај 2019 година

4. **Предмет на надзорот:** Член 9 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (бр.01-5774/1 од 21.11.2014 година, изменет на 08.05.2015 година), според кој *„Бројот и структурата на вработените лица за радио на регионално ниво, треба да биде 5 (пет), од кои 3 (три) со висока стручна спрема (ВСС), вработени како новинари".*

5. **Претходно изречена мерка: /**

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека РТД РАДИО РОСА – АБ ДООЕЛ Скопје гu исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

   **Образложение:** При увид во податоците за сопственичката структура, уредниците и економското работење на РТД РАДИО РОСА – АБ ДООЕЛ Скопје во 2018 година Агенцијата констатираше дека на 31.12.2018 година, вкупниот број на вработени во радиостаницата изнесувал четири лица, а ниту едно лице со висока стручна спрема не било ангажирано како новинар. Поради тоа, на 08.05.2019 година Агенцијата со писмен допис (наш бр.03-2605/1) побара од радиодифузерот, во рок од седум дена од денот на приемот на дописот, да достави документи од коишто ќе може да се констатира дека ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот.

   Од документите што радиодифузерот ги достави во Агенцијата на 15 мај 2019 година (Преглед на пријави/одјави во задолжително социјално осигурување за деловен субјект, заклучно со 14.05.2019, издаден од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Пријава/Одјава во задолжително социјално осигурување – Образец М1/М2 за четири лица и три договори за годишна соработка склучени помеѓу радиодифузерот и три физички лица) е видно дека во радиостаницата се вработени вкупно седум лица, од кои три со висока стручна спрема, ангажирани како новинари.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***